**С Т О П А Н С К А   Б А Н К А   А Д - С К О П Ј Е**

# О Д Л У К А

за верификација на Одлуката на Надзорниот одбор за начинот на пресметување и исплата на аванс на дивиденда за обични акции на Стопанска банка АД – Скопје за првата половина на 2018 година

Скопје, Декември 2018 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 339/15.12.2016 година, пречистен текст), а во врска со член 489 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на ______12.2018 година донесе

**О Д Л У К А**

за верификација на Одлуката на Надзорниот одбор за начинот на пресметување и исплата на аванс на дивиденда за обични акции на Стопанска банка АД – Скопје за првата половина на 2018 година

1. Собранието на акционери ја верификува Одлуката на Надзорниот одбор за начинот на пресметување и исплата на аванс на дивиденда за обични акции на Стопанска банка АД – Скопје за првата половина на 2018 година, Н.О. бр.2835 од 09.11.2018 година.

2. Одлуката за начинот на пресметување и исплата на аванс на дивиденда за обични акции на Стопанска банка АД – Скопје за првата половина на 2018 година претставува интегрален дел на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

С. О. Бр. __________ **СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

________2018 год. Претседавач

Скопје

**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА

за начинот на пресметување и исплата на аванс на дивиденда за обични акции
на Стопанска банка АД - Скопје
за првата половина на 2018 година

Скопје, Ноември 2018 година

Врз основа на член 40 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 339/15.12.2016 година, пречистен текст), а во врска со член 489 од Законот за трговски друштва, и Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот (Сл. Весник Бр. 47/12...218/16) Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на 09.11.2018 година донесе

**О Д Л У К А**

за начинот на пресметување и исплата на аванс на дивиденда за обични акции на Стопанска банка АД - Скопје
за првата половина на 2018 година

1. Стопанска банка АД - Скопје (СБ) ќе изврши исплата на аванс на дивиденда по обични акции за 2018 година во вкупен бруто износ од МКД 1.274.593.140,00 или бруто износ од МКД 73,00 по акција, согласно периодичните финансиски извештаи за периодот од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година.

2. Авансната исплата на дивиденда на обичните акции од точка 1 од оваа Одлука ќе биде исплатена од добивката на Стопанска банка АД – Скопје, реализирана во првата половина на 2018 година односно до 30.06.2018 година.

3. Датум на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на авас на дивиденда, односно датум на пресек на Акционерската книга, е 26.12. 2018 година.

4. Последен ден на тргување со право на дивиденда е 24.12.2018 година.

5. Прв ден на тргување без право на дивиденда е 25.12.2018 година.

6. Исплатата на дивидендата ќе започне од 27.12.2018 година.

7. Рок за известување на акционерите кои имаат право на аванс на дивиденда за 2018 година е најдоцна 5 дена од одржаната седница на Собранието на акционери. СБ ќе го објави известувањето во најмалку еден дневен весник и на веб страницата на СБ.

8. Оваа Одлука ќе се иплементира доколку: а) Народна банка на Република Македонија даде согласност на Одлуката за утврдување на дел од тековната добивка која ќе биде вклучена во пресметката на редовниот основен капитал, б) Собранието на акционери ја донесе Одлуката за прераспределба на дел од акумулирана добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите, со што се постигнува минимум адекватност на капиталот од 15,5% и в) Оваа Одлука за начинот на пресметување и исплата на аванс на дивиденда

за обични акции на Стопанска банка АД – Скопје за првата половина на 2018 година е верификувана од страна на Собранието на акционери.

9. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Н.О. бр. _______ **НАДЗОРЕН ОДБОР**
09.11.2018 Претседавач,
С к о п ј е Маринис Стратопулос

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на периодичните Финансиски извештаи за периодот 01.01.2018 година до 30.06.2018 година, ревидирани од овластен ревизор, Стопанска банка АД - Скопје оствари добивка по оданочување во износ од МКД 1.717.575.754 или противредност од 27.928.061 ЕВРА (пресметано согласно кур од 61.5 МКД за ЕВРО). Овој предлог ја утврдува висината и начинот на исплата на аванс на дивиденда на имателите на обични акции за 2018 година, врз основа на релевантните одредби од Законот за трговски друштва Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот (Сл. Весник Бр. 47/12...218/16).

Се предлага дел од добивката утврдена за периодот од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година да се распредели како аванс на дивиденда за обичните акции во бруто износ од 1.274.593.140,00 денари, кои ќе бидат исплатени на акционерите на Стопанска банка АД - Скопје.
Вкупниот број на обични акции изнесува 17.460.180, а бруто аванс на дивидендата по акција изнесува 73,00 денари.

Согласно со законската регулатива, исплатата ќе започне на 27.12.2018 година. Дивидендата ќе биде исплатена на сите запишани акционери на обични акции на денот на пресек на акционерската книга на 26.12.2018 година.

Банката ќе ги одземе од бруто износот на дивиденда и плати сите даноци согласно со важечката законска регулатива во земјата, на денот на исплатата на дивидендата.

Имајќи го предвид наведеното, се предлага Надзорниот одбор на СБ да ја донесе оваа Одлука како што е предложено.

Скопје, Ноември 2018